MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1029/**

# З А П И С Н И К

**Од 175.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 10.02.2022 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ и Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикална организација МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,175.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 174.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување на средства.

4. Разгледување и усвојување на Иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 174.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 174.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата беа нотирани одредени забелешки по записникот од 174.седница на Програмскиот совет на МРТ, и истиот беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 174.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** со нотираните забелешки.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, со измена на средства.**

Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година.
Согласно Заклучокот донесен од страна на Програмскиот совет на ЈРП МРТ на 162-та седница одржана на 16.09.2021 година, Менаџментот на МРТ и Секторот за финансиско работење во МРТ беа задолжени да изготват Финансиски план на приходи и расходи – рамка за тековно работење во 2022 година, соодветен на приходите за финансирање на радиодифузната дејност кои МРТ ги добиваше во тековната 2021 година се додека не се добие поинакво известување од страна на државните институции.
Во Финансискиот план со планирани приходи и расходи за тековно работење на ЈРП МРТ во 2022 година беа содржани:
-приходи во вкупен планиран износ од **999.000.000 денари** и
-расходи во вкупен планиран износ од **999.000.000 денари**.
Меѓутоа, во рамки на тековното работење на МРТ во почетокот на 2022 година, а согласно износот на финансиски средства кои се одобрени и кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ како средства за финансирање на радиодфузна дејност и за повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, се јави потреба од изменување, односно дополнување на дел од ставките кои беа планирани во Финансискиот план со планирани приходи и расходи – рамка за тековно работење на ЈРП МРТ во 2022 година.
Имено, по основ на средствата кои се одобрени од Буџетот на РСМ во 2022 година, за финансирање на радиодифузната дејност ЈРП МРТ треба да добие добие 670.500.000 денари а за повисок степен на програмски и техничко технолошки развој треба да добие 254.400.000 денари или вкупно 924.900.000 денари. Овој износ е за 30.900.000 денари повисок од првично планираните средства во вкупен износ од 894.000.000 денари.
Оттука, а согласно добиените Барања за дополнување на Финансискиот план од страна на уредниците на програмските сервиси со архивски број 14-919/1 од 04.02.2022 година и Одделението за возен парк со архивски број 17-909/1 од 04.02.2022 година, дополнување на претходно планираните износи се врши кај следните ставки:
-во групата Останати услуги од работењето, поради потребата од повисок износ на финансиски средства за објава на огласи за нови вработувања во 2022 година, планираниот износ од 600.000 денари кај ставката Трошоци за огласи и конкурси се зголемува за 600.000 денари и сега изнесува 1.200.000 денари.
-во групата Програмски права, поради зголемени програмски потреби во насока на дополнување на понудата на ТВ програма, првично планираниот износ од 86.000.000 денари кај ставката Копродукциски проекти се зголемува за 27.300.000 денари и сега изнесува 113.300.000 денари, и
-во групата Инвестиции, поради неопходната потрба од набавка на нови возила, планираниот износ од 5.000.000 денари кај ставката Набавка на опрема и други инвестиции се зголемува за 3.000.000 денари и сега изнесува 8.000.000 денари.

Со овие дополнувања за 30.900.000 денари се зголемуваат и планираните приходи и планираните расходи за 2022 година и сега во Финансискиот план со планирани приходи и расходи за тековно работење на ЈРП МРТ во 2022 година се содржани:
-приходи во вкупен планиран износ од **1.029.900.000 денари** и
-расходи во вкупен планиран износ од **1.029.900.000 денари**.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, и даде согласност на истиот.
Анита Латифи со прашање прво бидејќи во барањето од Одделението за возен парк се спомнува и менаџментот и потребите на програмските сервиси во МТВ,дали тоа значи дека еден автомобил ќе биде набавен за потребите на Директорот на МРТ, а другиот за потребите на Програмските сервиси,односно за транспорт на новинарските екипи и снимателии, и второ околу 27 милиони денари наменети за копродукциски проекти-уредниците тоа го имаат побарано врз основа на проекти кои предходно поминале филтерот на комисиите за избор на програмски содржини или пак се работи за сосема нови копродукциски проекти?
Виолета Димевска одговори дека за тоа е намената бидејќи и авомобилите кои се наменети за транспорт на новинарски екипи се дотраени, а за другите нема сигурна точна инфорамција но најверојатно се за нови проекти.
По расправата Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со измена на средства беше ставен на гласање.

■**Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со измена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **12** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со измена на средства **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување на средства.**

Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година.
Виолета Димевска објасни дека со потреба од измена и усогласување на дел од планираните износи во годишниот Финансиски план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година за тековно работење по основ на средствата кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност и програмски и техничко технолошки развој, како и согласно известувањето со архивски број 17-909/1 од 04.02.2022 година доставено од страна раководителот на Одделението за возен парк, се јави потреба од дополнување и на дел од планираните износи во Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2022 година.
Имено, дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година се врши кај следните ставки:
-Во Дел1-Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, групата на Инвестиционите набавки под реден број 16, поради итна потреба од нови возила за реализирање програмските и сите останати потреби во рамки на тековното работење на МРТ, се дополнува со нова ставка под реден број 16д со наслов Набавка на возила со планиран износ од 2.540.000 денари без ДДВ, а со тоа се зголемува и вкупната планирана/проценета вредност кај оваа група и сега истата изнесува 6.777.000 денари без ДДВ.
-Во Дел II-Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги ставката под реден број 41 со наслов Набавка на услуги за објавување на огласи во дневни и печатени медиуми која

имаше планирана/проценета вредност во износ од 330.000 денари, поради потребата од поголем износ на финансиски средства за објавување на огласи за нови вработувања, се дополнува со 510.000 денари и сега изнесува 840.000 денари без ДДВ. Со ова се зголемува и вкупната планирана/проценета вредност кај Дел II-Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги и сега истата изнесува 42.290.000 денари.
Оттука произлегува дека износот од 73.814.000 денари без ДДВ кој досега беше вкупна планирана/проценета вредност во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година се зголемува за 3.050.000 денари без ДДВ и сега изнесува вкупно 76.864.000 денари без ДДВ.
Планираните износи кај останатите ставки во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година остануваат непроменети.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година,со дополнување на средства и даде согласност на истиот.
По расправата Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година,со дополнување на средства беше ставен на гласање.

■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година, со дополнување на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година,со дополнување на средства **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.**
Претседателката на Синдикалната организација на МРТ Слаѓана Миливојевиќ беше повикана и објасни зошто се прави измената и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.
Во известувањето до Програмскиот совет на МРТ беше посочено дека врз основа на одржана седница на 31.03.2021 година на Економско социјалниот совет, со која претседава Министерот за труд и социјална политика, а во согласност со Законот на минимална плата, утврдена е висината на минималната бруто плата од април 2021 да изнесува 22.146,00 ден, односно висината на минималната нето плата изнесува 15.194 ден.
Усогласувањето на платата се врши во март секоја година, а врз основа на законски утврдени параметри. Податокот за бруто минималната плата започнувајќи од април 2021 е објавен во Службен Весник на РСМ бр.80/2021.
Согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите од задолжителното социјлано осигурување почнувајќи со исплатата на платата за месец Јануари 2020, не се променети и понатаму продолжуваат да се пресметуваат и плаќаат по:

| **Вид на придонес** | **Стапка 2022** |
|---|---|
| Задолжително пензиско и инвалидско осигурување | 18,8% |

| | |
|---|---|
| Задолжително здравствено осигурување | 7,5% |
| Дополнителен придонес за здравствено осигурување<br>за случај на повреда на работа и професионално заболување | 0,5% |
| Задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност | 1,2% |

Во ЈРП МРТ се применува концептот на бруто плата, а тоа значи дека од бруто платата се намалуваат придонесите и данокот на личен доход, па се добива нето платата на работникот ( бруто плата - придонеси-длд = нето плата).
Имено по направните пресметки согласно член 67 од колективниот договор,новата пресметковната вредност на коефициент 1 изнесува 15.038 ден односно превидено е дека зголемувањето на основната бруто платата на месечно ниво во ЈРП МРТ би била околу 202.00 ден. месечно, односно околу 2.424,00 денари годишно во тековната 2022 година,за тековните 704 вработени во ЈРП МРТ. Секоја промена на бројот на вработени ќе значи и промена на овој предвиден износ.
Средствата по основ на исплата на бруто плата за вработени се предвидени во финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022г и за истите се обезбедени средства и не треба да се прави пренамена на средства.
Со цел да нема финансики последици и дополнителни трошоци врз работењето на ЈРП МРТ, заради непочитување на законските одредби и колективниот договор, Ве информирам за настаната законска промена во делот за минимална плата и за понатамошно постапување согласно истата.
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со прашање дали останатите барања од групи на вработени во МРТ кои не влегле во Колективниот договор со потребниот коефициент.
Претседателката на Синдикалната организација на МРТ Слаѓана Миливојевиќ објасни дека и тоа беше тема на разговор со Директорот на МРТ и истите ние како Синдикат ги побаравме и од Одделението за човечки ресурси во МРТ да бидат сега вметнати во овие измени, но добивме одговор дека дел од тие прашања ќе бидат решени на наредното отварање на Колективниот договор.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ ги стави на гласање Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ.
■**Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ** беа ставени на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаше: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ се едногласно **усвоени** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По оваа точка збор зема Јагнула Куновска со забелешка и прашање кога и кој ни го промени името на куќата од Македонска Радио Телевизија во Национална тлевизија, и второ што можеме да направиме како совет во врска со договорот по кој Бугарската национална телевизија се емитува кај нас, а во Бугарија нашта телевизија не.
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац потсети дека Директорот на МРТ преговарше во минатото тоа да биде симетично.

Снежана Клинчарови дополни дека станува збор за ТВ прилог околу овој проблем дали подеднакво се пренесуваат програмите на МРТ во Бугарија како што содржините на Бугарската национална телевизија се пренесуваат во Македонија, во прилогот беа вклучени три страни-Агенцијата за АВМУ, ЈРП МРТ преку директорот Захарија Вулгаракис и Владата на РМ.
Во овој прилог само од Владата бевме именувани како Национална телевизија, додека Агенцијата се прогласи за ненадлежна, а директорот Вулгаракис објасни дека МРТ емитува програма преку сателит и дека истата може да се превземе и емитува од Бугарската страна.
Ивана Трајковска појасни дека овој проблем јас го актуелизирав уште пред една година за време на изборната капања, и тогаш побарав објаснување зошто никој од новинарите на МРТ не реагира кога се МРТ ја нарекуваат НТВ и не го корегираат тогашниот премиер кој всушност присуствуваше на нивна покана во тие емиии.
Од Менаџментот на МРТ тогаш добив одговор дека јас не можам да ги ставам новинарите во таква позиција и оттаму оваа дискусија ми е мене безвредна, бидејќи ние како совет и новинарите на МТВ дозволуваме да не нарекуваат така односно Национална телевизија.
Пред присутните беше прочитано и разгледано Барање од ППС на МРА со бр.13-870/1 од 03.02.2022 за состојбата во Првиот програмски сервис на МРА.
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со став дека мора да му се помогне и да му се даде поддршка на Македонското радио, мора да се најде начин да се поврзе со дигиталните медиуми и да го подигнеме нивото на радиото како дел од Македонската Радио Телвизија.

Седницата заврши во 13:10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател